**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Tuesday, June 9, 2020 5:24 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Пријава за непристојна содржина и говор на омраза]
**Attachments:** Untitled attachment 00010.txt; Untitled attachment 00013.html; Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.docx


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 10.06.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 16 | | |


Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message ---------------
Subject: Пријава за непристојна содржина и говор на омраза
From:
Date: Tue, 9 Jun 2020 17:23:05 +0200
To: contact@avmu.mk


Рок на чување ... год.
____20___г.
Скопје
Потпис

Почитувани,
сакам да укажам на непристојна содржина и говор на омраза искажан на медиум од страна на претставник на службен орган.

Во прилог ви до доставувам интервјуто објавено на веб страната на Слободен печат и Слободна тв.

https://www.slobodenpecat.mk/tozija-ochekuvame-restartirane-na-czeliot-proczes-i-novi-golemi-svetski-uspesi-na-makedonskata-kinematografija-video/

https://slobodna.tv/%D1%82%D0%BE%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-2020-%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D1%83%D1%81%D0%BF%D0%B5%D1%88%D0%BD/

https://www.youtube.com/watch?v=AUeBAtCAIvM&feature=emb_title

Новинарката наведува дека Г нападнат поради политички ставови, ова е класично извртување на вистината, ′ како функционер на социјалните мрежи употреби класичен говор на омраза за кој веќе има реакција од министерот за надворешни работи на Хрватска и осуда на истиот.

( https://hrvatska-danas.com/2020/06/03/mvep-izjave-gorjana-tozija-o-hrvatskoj-potpuno-neprihvatljive/)

Она за што сметам дека е исто така предмет на ваше разгледување е и говорот на службено лице на официјален орган во случајов Агенцијата за филм.
Официјално лице изнесува тешки обвиненија кои не се докажани пред судските органи, се става во улога на обвинител и свесно клевети.
Службеникот квалификува, шиканира, демонизира лице во јавноста без притоа да има било каков судски епилог. Интервјуираниот обвинува странски државјанин кое притоа било службено лице , портпарол на Влада за време на војната во Хрватска и безмилосно го обвинува дека тоа лице е виновно за повеќе крв во војната.

Дали сфаќате каков тежок говор на омраза, квалификување и невистина се употребени во ова интервју?

Дополнително службеникот етикетира и дава квалификации за медиумите кои замислете се дрзнале да го објават неговиот говор на омраза, притоа новинарката се придружува на неговите квалификации при што искажува дека веста е објавена во мал број медиуми(апсолутно неточно) .

Дополнително новинарката се приклучува на соговорникот каде вели доказите се предадени во

обвинителството, каде тука истата го почитува начелото за пресупција на невиност ?!
Спорната содржина е од 09:37 до 14:38 .

Во емитуваната содржина се употребува : мешање на факти и мислења, вест и коментар, говор на омраза, дискриминација, пресумпција на невиност и заштита на сведоци, неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во известувањето, незастапена втора страна, незаштитена малолетна публика (се употребуваат воени конфликти,се будат емоции на луѓе кои биле во истата состојба и притоа се демонизира службено лице на друга држава) .

Се надевам ќе ја проследите оваа содржина и ќе нотирате за истата.

Со почит ,